РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2085/2
07-08-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 8 - та седница, одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-2085/1 од 29.07.2024 година, против ___________, директор на Универзитетска клиника за _______и лицето ___________, организациски директор на ЈЗУ УК __________, **СЕ ОТФРЛА.**
ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, против истите лица и по утврдување на фактичка состојба на 84 – та седница прво продолжение одржана на 31.03.2023 годиена донесена е Одлука со бр. 09-310/3 од 07.04.2023 година, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и истата е објавена на веб страната на ДКСК.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 18.01.2024 година, поднесена е пријава против ________________, директор на Универзитетска клиника за _______________ и лицето ___________, организациски директор на ЈЗУ УК за ____________-, по што првично оформен е предмет број 12-292/1 во Секторот за спречување на корупцијата. Со службена белешка од Колегиумот на ДКСК одржан на ден 29.07.2024 година предметот е префрлен за постапување во Одделението за спречување на судир на интереси и лобирање и е оформен предмет бр. 09-2085/1 од 29.07.2024 година.
Имено, од страна на познат подносител, на ден 18.01.2024 година поднесена е пријава со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување од страна на в.д организацискиот директор на ЈЗУ Универзитетска клиника ___________ – Скопје, ___________ и _____________. Во пријавата се наведува дека наведената клиника е позната како установа каде владее силен непотизам, налик на т.н „приватна семејна

фирма". Имено, на ден 16.03.2022 година со Решение за именување за вршител на должност организациски директор на ЈЗУ Универзитетстка клиника за ______________ – Скопје, назначен бил _________. Посочениот директор бил вработен на Клиниката за психијатрија кога д-р ____________ бил назначен за Медицински дирекотр на клиниката, кој наводно бил и венчан кум на таткото на _________, ____________, исто така вработен на истата клиника (поранешен директор на клиниката). В.д организацискиот директор ____________ бил син на претходниот медицински директор ____________- на истата клиника, кој сеуште е во редовен работен однос во истата клиника, односно – во случајот синот бил директор на таткото (_____________). Во пријавата уште се наведува и дека _______________ е раководно лице како директор на клиниката, татко му ____________ е и раководно лице на клиниката, како Раководител на оддел на Клиниката, но и Шеф на Катедра за ____________, која е формирана во рамки на истата клиника.

Имајќи ја во предвид таквата состојба, ДКСК утврди дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, за што на 84 – та седница, прво продолжение, одржана на ден 31.03.2023 година, ДКСК донесе Одлука со бр. 09-310/3 од 07.04.2023 година.

Од друга страна, ДКСК направи увид во Дистрибутивниот систен на Централниот регистар на РСМ, по што утврди дека лицата ____________ в.д организациски директор и д-р _____________ медицински директор на ЈЗУ Универзитетска клиника за _____________ се разрешени од функциите и на истото место е назначено лицето ________________ како вршител на дејноста медицински директор со акт Решение бр.11-5476/3 од 04.07.2024 година.

Од наведените причини, а со оглед на тоа што дека веќе е постапувано по пријава со исти наводи, Државната комисија на седницата одржана на ден 01.08.2024 година заклучи дека нема елементи за преземање мерки за натамошно надлежно постапување по конкретниот предметот.

Од вака утврдената состојба ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитриовска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З-раководител
Одобрил: Б.Ц. -член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk